**Пред употреба на лекот внимателно прочитајте го упатството.**

- *Чувајте го упатството. Можеби ќе треба да го прочитате повторно.*
- *Ако имате дополнителни прашања, обратете се кај Вашиот лекар или фармацевт.*
- *Овој лек Ви е пропишан Вам лично и не треба да им го давате на други лица, бидејќи може да им наштети дури и ако нивните симптоми се исти како Вашите.*

**Внатрешното упатство содржи**:


1. *Што претставува Мепинто и за што се употребува*
2. *Што мора да знаете пред да го употребите Мепинто*
3. *Како да го употребувате Мепинто*
4. *Можни несакани дејства*
5. *Чување и рок на употреба на Мепинто*


# MEPINTO / МЕПИНТО 47,5 mg таблети со модифицирано ослободување
# MEPINTO / МЕПИНТО 95 mg таблети со модифицирано ослободување

## Metoprolol succinate

Активна супстанција: метопролол сукцинат
Помошни супстанции: микрокристална целулоза, кросповидон, глукоза, хипромелоза, лактоза монохидрат, макрогол 4000, магнезиум стеарат, пченкарен скроб, полиакрилат, силика колоидна безводна, сахароза, талк, титаниум диоксид (Е171).
Дополнително за Мепинто 95 mg: железо оксид, жолт (Е172).

Име и адреса на носителот на одобрението за ставање во промет: Лек Скопје ДООЕЛ, „Перо Наков“ бр.33, Скопје, Р. Северна Македонија.

Име и адреса на производителот: Salutas Pharma GmbH, Барлебен, Германија; Lek farmacevtska druzba d.d., Verovškova 57, Љубљана, Словенија; Lek S.A., Варшава, Полска.

## 1. Што претставува Мепинто и за што се употребува

*Мепинто 47,5 mg*
Една таблета со модифицирано ослободување содржи 47,5 mg метопролол сукцинат.

*Мепинто 95 mg*
Една таблета со модифицирано ослободување содржи 95 mg метопролол сукцинат.
Содржина на пакувањето:

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА
AGJENCIA E BARNAVE DHE PAJISJEVE MJEKËSORE
SHKUP
СКОПЈЕ

Таблетите со модифицирано ослободување од 47,5 mg и 90 mg се спакувани во блистер-пакување со 30 таблети / кутија.

Метопролол сукцинат, активната супстанција во лекот Мепинто, врши блокада на одредени бета рецептори во телото, и тоа главно оние во срцето (селективен бета-рецепторен блокатор).

Мепинто се користи за:

- **Зголемен крвен притисок**;
- **Болка во градите**;
- **Нарушувања на срцевиот ритам** кои вклучуваат забрзана срцева работа;
- Превентативен третман по акутна фаза на **срцев напад**;
- **Непријатни сензации или неправилни и/или премногу изразени срцеви удари**;
- Профилакса на **мигрена**;
- Третман на **слабост на срцевиот мускул**.

*Деца и адолесценти од 6-18 години*
За третман на висок крвен притисок (хипертензија).

## 2. Што мора да знаете пред да го употребите Мепинто

**Не треба да го употребувате Мепинто ако:**

- сте алергични (преосетливи) на метопролол сукцинат или на било која составна компонента во Мепинто;
- сте алергични на било кој друг бета блокатор;
- имате тешка астма или тешки напади со свирење во градите;
- сте имале циркулаторен колапс поради сериозни срцеви проблеми;
- имате проблеми со електричните импулси во срцето (атриовентрикуларен блок од втор и трет степен, синоатриален блок од висок степен) или имате нарушување на срцевиот ритам (синдром на болен синус), освен доколку имате траен пејсмејкер;
- имате сериозни проблеми со циркулацијата (сериозна периферна артериска болест);
- имате нелекувана срцева инсуфициенција која не е под контрола (вообичаено предизвикува краток здив и отечени зглобови);
- имате слаб пулс (пулс во мирување под 50 отчукувања/минута, пред терапијата);
- имате многу низок крвен притисок (систолен крвен притисок под 90 mmHg);
- Вашиот лекар Ви кажал дека имате зголемени вредности на киселост на крвта (состојба која се нарекува метаболна ацидоза);
- земате некој од следните лекови:
  - моноамино оксидаза инхибитори (МАО инхибитори) (за депресија),
  - верапамил и дилтиазем (за висок крвен притисок),
  - лекови за нарушувања на срцевиот ритам, како дизопирамид, кој се користи како терапија за нарушен срцев ритам.

Доколку имате хронична срцева инсуфициенција, не треба да земате Мепинто ако:

- страдате од нестабилна, декомпензирана срцева инсуфициенција (која што може да се манифестира како акумулација на течности во белите дробови, слаба циркулација или низок крвен притисок);

КОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА
AVE DHE PAJISJEVE MJEKËSOR

- примате терапија со лекови кои го зголемуваат капацитетот за испумпување на срцето;
- имате намален срцев ритам (пулс во мирување под 68 отчукувања/минута, пред почетокот на терапијата);
- Вашиот систолен крвен притисок е конзистентно под 100 mmHg.

**Бидете особено внимателни со Мепинто**

Пред да започнете со употреба на Мепинто, кажете му на Вашиот лекар ако:

- боледувате од астма, бронхитис или било која друга слична болест на белите дробови;
- имате проблеми со срцето (како што е на пример успорена срцева работа) или циркулацијата (Мепинто може да ги влоши овие нарушувања);
- имате дијабетес;
- имате проблеми со тиреоидната жлезда;
- боледувате од некое тешко заболување на црниот дроб;
- некогаш сте имале тешка алергиска реакција кон било што;
- боледувате од ретка форма на ангина наречена Prinzmetal-ова ангина;
- треба да бидете подложени на операција за која е потребна општа анестезија. Известете го анестезиологот дека примате Мепинто;
- имате хормон-продуцирачки тумор во адреналната срцевина (феохромоцитом). Во овој случај, треба да бидете на терапија со алфа блокатор пред и за време на терапијата со Мепинто;
- имате псоријаза.

Употребата на Мепинто може да предизвика позитивни резултати на допинг тестовите.

*Ве молиме да се посоветувате со лекар и тогаш кога горенаведените укажувања се однесувале на Вас кога било во минатото.*

**Деца**

Постои ограничено искуство од употребата на Мепинто кај деца на возраст под 6 години. Употребата на Мепинто кај деца под 6 годишна возраст не се препорачува.

**Бременост и доење**

*Советувајте се со Вашиот лекар или фармацевт пред да земете каков било лек ако сте бремени или доите, или ако мислите дека можеби сте бремени или планирате да забремените.*

*Бременост*

Мепинто треба да се користи во текот на бременоста само ако неговата употреба е апсолутно неопходна и ако лекарот проценил дека очекуваната корист е поголема од потенцијалниот ризик. Постојат докази дека метопролол го намалува крвниот проток во плацентата и дека може да предизвика намален раст на фетусот. Терапијата со Мепинто треба да се прекине 48-72 часа пред очекуваниот термин за породување. Ако тоа не е можно, новороденчето треба внимателно да се мониторира од страна на лекарот во тек на 48-72 часа после раѓањето.

*Доење*

Мепинто се излачува во мајчиното млеко.

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА
AGJENCIA E BARNAVE DHE MJETEVE MJEKËSORE
SHKUP
СКОПЈЕ

Мепинто треба да се користи во текот на бременоста само ако неговата употреба е апсолутно неопходна.
Иако не се очекуваат несакани ефекти при употреба на препорачаните дози, доенчињата треба внимателно да се следат за знаци на ефекти предизвикани од лекот (на пр. мониторирање на срцевата функција од страна на лекарот).

**Влијание врз способноста за возење или за ракување со машини**
Во текот на третманот со Мепинто може да се јават замаеност и замор. Овие ефекти може да влијаат врз способноста за возење и ракување со машини. Ова посебно е случај со истовремено земање на алкохол, како и при промена на терапијата, од терапија со друг лек на терапија со Мепинто.

**Важни информации поврзани со некои од помошните компоненти на Мепинто**
Лекот Мепинто содржи глукоза, лактоза и сахароза (шеќер). Ако Вашиот лекар Ви кажал дека не поднесувате некои шеќери, контактирајте со него пред да го употребите овој лек.

**Земање на Мепинто со храна и пијалоци**
Земањето на Мепинто заедно со **алкохол** може да доведе до **зголемување на седативниот ефект** на двете супстанции. Количината на алкохол во крвта може да достигне повисока концентрација која ќе опаѓа поспоро.
Треба **да избегнувате да земате алкохол** додека сте на терапија со Мепинто.

**Употреба на други лекови**
Ве молиме да имате предвид дека овие укажувања можат да се однесуваат и на производите што сте ги земале во минатото или ќе ги земате во иднина.
Ве молиме да го информирате Вашиот лекар или фармацевт ако земате или ако неодамна сте зеле кој било друг лек, дури и оние што не се на лекарски рецепт.

Мепинто влегува во интеракција со голем број на други лекови. Посебно информирајте го Вашиот лекар ако земате, неодамна сте земале или можеби планирате да земете некој од следните лекови, бидејќи може да биде потребна промена на Вашиот третман:

- лекови за третман на висок крвен притисок (вклучувајќи ги празосин, клонидин, хидралазин, гванетидин, бетанидин, резерпин, алфа-метилдопа и лекови наречени блокатори на калциумовите канали како што се верапамил, дилтиазем или нифедипин);
- други бета-блокатори (вклучувајќи ги и оние во форма на капки за око);
- лекови кои делуваат на периферната циркулација (прстите на рацете и нозете), како што се ергот алкалоиди кои може да се користат за третман на мигрена;
- лекови за третман на депресија;
- лекови за третман на други ментални болести;
- антиретровирални лекови кои се користат за третман на СИДА и некои други состојби;
- антихистаминици (вклучувајќи ги и оние кои може да се земат без лекарски рецепт, за алергиски ринитис и други алергии, настинка и други состојби);
- лекови за превенција на маларија;
- лекови за третман на габични инфекции;
- лекови кои влијаат на ензимите на црниот дроб, на пр. рифампицин кој се користи за третман на туберкулоза;

- лекови за срцеви проблеми вклучувајќи ангина, како што се амиодарон, дигоксин, нитрати и анти-аритмиски лекови;
- инсулин и други лекови за третман на дијабетес;
- лекови наречени НСАИЛ кои се користат против болка и воспаление;
- локален анестетик наречен лидокаин;
- лек наречен дипиридамол кој се користи за спречување на згрутчувањето на крвта.

## 3. Како да го употребувате Мепинто

Строго придржувајте се кон упатствата од лекарот. Не смеете да ги менувате дозите или да го прекинувате лекувањето без да се посоветувате со лекар.
Ако не сте сигурни, консултирајте се со Вашиот лекар или фармацевт.

***Мепинто 47,5 mg таблети со модифицирано ослободување***
**Освен ако не е поинаку пропишано од Вашиот лекар, вообичаените дози се:**
Висок крвен притисок (хипертензија):

- Пациентите со **благо до умерено зголемен крвен притисок** треба да земаат **1 таблета со модифицирано ослободување** Мепинто 47,5 mg **еднаш на ден** (еквивалентно на 47,5 mg метопролол сукцинат).
- Ако е потребно, дозата **може да се зголеми до 2 - 4 таблети со модифицирано ослободување** Мепинто 47,5 mg **еднаш на ден** (еквивалентно на 95 - 190 mg метопролол сукцинат) или пак може да се додаде друг лек за намалување на крвниот притисок.

Болка во градите (ангина пекторис):

- **2 - 4 таблети со модифицирано ослободување** Мепинто 47,5 mg **еднаш на ден** (еквивалентно на 95 - 190 mg метопролол сукцинат).
- Ако е потребно, може да се додаде друг лек за третман на коронарна срцева болест.

Нарушувања на срцевиот ритам, вклучувајќи забрзана срцева работа (срцеви аритмии):

- **2 - 4 таблети со модифицирано ослободување** Мепинто 47,5 mg **еднаш на ден** (еквивалентно на 95 - 190 mg метопролол сукцинат).

Третман по срцев напад:

- **4 таблети со модифицирано ослободување** Мепинто 47,5 mg **еднаш на ден** (еквивалентно на 190 mg метопролол сукцинат).

Непријатни сензации или неправилни и/или премногу изразени срцеви удари (срцеви палпитации):

- **2 таблети со модифицирано ослободување** Мепинто 47,5 mg **еднаш на ден** (еквивалентно на 95 mg метопролол сукцинат).
- Ако е потребно, дозата **може да се зголеми до 4 таблети со модифицирано ослободување** Мепинто 47,5 mg **еднаш на ден** (еквивалентно на 190 mg метопролол сукцинат).

Профилакса на мигрена:

- **2 - 4 таблети со модифицирано ослободување** Мепинто 47,5 mg **еднаш на ден** (еквивалентно на 95 - 190 mg метопролол сукцинат).

SHKUP СКОПЈЕ

*Третман на срцева мускулна слабост (срцева инсуфициенција)*

За третман на срцева мускулна слабост, Вашиот лекар најпрвин мора да Ве стабилизира со употреба на стандардна терапија за срцева слабост, а дозата на Мепинто 47,5 mg мора да биде индивидуално прилагодена.

- Препорачаната почетна доза за NYHA **III-IV** пациентите со **срцева слабост** е **11,88 mg** метопролол сукцинат **еднаш на ден** во текот на **првата недела.** Дозата може да се зголеми во текот на **втората недела до ½ (половина) таблета со модифицирано ослободување** Мепинто 47,5 mg (еквивалентно на 23,75 mg метопролол сукцинат), **еднаш на ден.** Препорачаната почетна доза во текот на **првите две недели** за NYHA **II** пациентите со **срцева слабост** е **½ (половина) таблета со модифицирано ослободување** Мепинто 47,5 mg (еквивалентно на 23,75 mg метопролол сукцинат), **еднаш на ден.**
- После тоа, дозата треба да се дуплира. **Секоја втора недела, дозата може да се дуплира до 4 таблети со модифицирано ослободување** Мепинто 47,5 mg **еднаш на ден** (еквивалентно на 190 mg метопролол сукцинат) или до највисоката толерабилна доза за пациентот.
- **Препорачаната доза за долготрајна терапија на одржување е 4 таблети со модифицирано ослободување** Мепинто 47,5 mg **еднаш на ден** (еквивалентно на 190 mg метопролол сукцинат) или до највисоката толерабилна доза за пациентот.

***Мепинто 95 mg таблети со модифицирано ослободување***

**Освен ако не е поинаку пропишано од Вашиот лекар, вообичаените дози се:**

Висок крвен притисок (хипертензија):

- Пациентите со **благо до умерено зголемен крвен притисок** треба да земаат **½ (половина) таблета со продолжено ослободување** Мепинто 95 mg **еднаш на ден** (еквивалентно на 47,5 mg метопролол сукцинат).
- Ако е потребно, дозата **може да се зголеми до 1 - 2 таблети со модифицирано ослободување** Мепинто 95 mg **еднаш на ден** (еквивалентно на 95 - 190 mg метопролол сукцинат) или пак може да се додаде друг лек за намалување на крвниот притисок.

Болка во градите (ангина пекторис):

- **1 - 2 таблети со модифицирано ослободување** Мепинто 95 mg **еднаш на ден** (еквивалентно на 95 - 190 mg метопролол сукцинат).
- Ако е потребно, може да се додаде друг лек за третман на коронарна срцева болест.

Нарушувања на срцевиот ритам, вклучувајќи забрзана срцева работа (срцеви аритмии):

- **1 - 2 таблети со модифицирано ослободување** Мепинто 95 mg **еднаш на ден** (еквивалентно на 95 - 190 mg метопролол сукцинат).

Третман по срцев напад:

- **2 таблети со модифицирано ослободување** Мепинто 95 mg **еднаш на ден** (еквивалентно на 190 mg метопролол сукцинат).

Непријатни сензации или неправилни и/или премногу изразени срцеви удари (срцеви палпитации)::

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА
SHKUP • СКОПЈЕ

- **1 таблета со модифицирано ослободување** Мепинто 95 mg **еднаш на ден** (еквивалентно на 95 mg метопролол сукцинат).
- Ако е потребно, дозата **може да се зголеми до 2 таблети со модифицирано ослободување** Мепинто 95 mg **еднаш на ден** (еквивалентно на 190 mg метопролол сукцинат).

Профилакса на мигрена:

- **1 - 2 таблети со модифицирано ослободување** Мепинто 95 mg **еднаш на ден** (еквивалентно на 95 - 190 mg метопролол сукцинат).

*Третман на срцева мускулна слабост (срцева инсуфициенција)*

За третман на срцева мускулна слабост, Вашиот лекар најпрвин мора да Ве стабилизира со употреба на стандардна терапија за срцева слабост, а дозата на Мепинто 95 mg мора да биде индивидуално прилагодена.

- Препорачаната почетна доза за NYHA **III-IV** пациентите со **срцева слабост** е **11,88 mg** метопролол сукцинат **еднаш на ден** во текот на **првата недела**. Дозата може да се зголеми до **23,75 mg** метопролол сукцинат **во текот на втората недела.**
- Препорачаната почетна доза за NYHA **II** пациентите е **23,75 mg** метопролол сукцинат **еднаш на ден** во текот на **првите две недели.**
- После тоа, дозата треба да се дуплира. **Секоја втора недела, дозата може да се дуплира до 2 таблети со модифицирано ослободување** Мепинто 95 mg **еднаш на ден** (еквивалентно на 190 mg метопролол сукцинат) или до највисоката толерабилна доза за пациентот.
- **Препорачаната доза за долготрајна терапија на одржување е 2 таблети со модифицирано ослободување** Мепинто 95 mg **еднаш на ден** (еквивалентно на 190 mg метопролол сукцинат) или до **највисоката толерабилна доза** за пациентот.

Употреба кај деца и адолесценти

Висок крвен притисок: за деца на возраст од 6 години и постари, дозата зависи од телесната тежина на детето. Вашиот лекар точно ќе ја одреди потребната доза за Вашето дете.

Вообичаената почетна доза изнесува 0,48 mg/kg метопролол сукцинат еднаш на ден, но не треба да биде повисока од 47,5 mg. Дозата треба да биде прилагодена на најблиската јачина на таблети. Вашиот доктор може да ја зголеми дозата до 1,9 mg/kg во зависност од добиениот одговор во однос на крвниот притисок. Дози повисоки од 190 mg еднаш на ден не се испитувани кај деца и адолесценти.

Мепинто таблетите не се препорачуваат за деца под 6 годишна возраст.

Времетраењето на третманот ќе го одреди Вашиот лекар.

**Постари пациенти**

Не се спроведени студии кај пациенти над 80 годишна возраст. Поради тоа, Вашиот лекар посебно ќе внимава при зголемувањето на дозата ако сте пациент на **возраст над 80 години.**

**Начин на употреба**

За перорална употреба (употреба преку уста).

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА
AGJENCIA E BARNAVE DHE PAJISJEVE MJEKËSORE
SHKUP • СКОПЈЕ

Таблетите со модифицирано ослободување треба да ги земате еднаш на ден, најдобро пред појадок. Таблетата со модифицирано ослободување треба да ја проголтате цела или поделена, но избегнувајте да ја џвакате или дробите. Таблетата земајте ја со вода (најмалку половина чаша).

**Ако сте зеле поголема доза од Мепинто отколку што треба**
*Ако сте зеле поголема доза од Мепинто отколку што е потребно, веднаш треба да се посоветувате со Вашиот лекар или фармацевт.*

Веднаш контактирајте го Вашиот лекар или појдете во болница или ургентен центар, за процена на евентуалниот ризик и за тоа кои мерки треба да се преземат во зависност од тежината на симптомите на труењето.
Земете го со себе и пакувањето од лекот, така што Вашиот лекар ќе знае која супстанција сте ја земале и какви мерки треба да преземе.

Симптоми на предозирање
Симптомите на предозирање со Мепинто може да вклучуваат екстремно низок крвен притисок, сериозни срцеви компликации, потешкотии со дишењето, губиток на свеста (или дури и кома), конвулзии, мачнина, повраќање, цијаноза (сина или виолетова обоеност на кожата) и смрт.

Првите знаци на предозирање се јавуваат 20 минути до 2 часа по внесувањето на Мепинто, а ефектите на масивно предозирање може да траат повеќе денови.

Третман на предозирање
Пациентот треба да се смести во болница и да се третира во единиците за интензивна нега. Дури и пациентите со мало предозирање треба внимателно да се мониторираат за знаци за труење најмалку 4 часа.

**Ако сте заборавиле да земете Мепинто**
Доколку заборавите да земете Мепинто треба да почекате и следната доза да ја земете во вообичаеното време.
*Не земајте двојна доза за да ја надоместите пропуштената.*

**Ефекти кога престанува третманот со Мепинто**
Не прекинувајте со земањето на Мепинто без да се советувате со Вашиот лекар.
Третманот со Мепинто не треба нагло да се прекинува, туку тоа треба да се прави постепено. Наглото прекинување на третманот со бета блокатори може да резултира со влошување на срцевата слабост и може да го зголеми ризикот од срцев напад и ненадејна смрт.

## 4. Можни несакани дејства

*Како и сите лекови, и Мепинто може да има несакани дејства, иако истите не се јавуваат кај сите пациенти.*

За опишување на фреквенцијата на несаканите дејства се користат следните стандардни термини:

Многу чести: се јавуваат кај повеќе од 1 од 10 лекувани пациенти
Чести: се јавуваат кај 1 од 10 лекувани пациенти

Помалку чести: се јавуваат кај 1 од 100 лекувани пациенти
Ретки: се јавуваат кај 1 од 1 000 лекувани пациенти
Многу ретки: се јавуваат кај 1 од 10 000 лекувани пациенти
Непозната фреквенција: честотата не може да се утврди од достапните податоци.

***Многу чести несакани дејства*** *(се јавуваат кај повеќе од 1 од 10 лекувани пациенти):*

- замор.

***Чести несакани дејства*** *(се јавуваат кај 1 од 10 лекувани пациенти):*

- замаеност, главоболка;
- забавен пулс (брадикардија);
- палпитации;
- значително намалување на крвниот притисок, особено при станување, а во ретки случаи и со губење на свест;
- ладни раце и стапала;
- отежнато дишење при напор кај предиспонирани пациенти (пр. пациенти со астма);
- мачнина, стомачна болка, дијареа, опстипација.

***Помалку чести несакани дејства*** *(се јавуваат кај 1 од 100 лекувани пациенти):*

- зголемена телесна тежина;
- депресија, поспаност, нарушен сон, ноќни кошмари, намалена концентрација;
- абнормални сензации на пецкање, боцкање и трнење на кожата (парестезии);
- транзиторно влошување на симптомите на срцева мускулна слабост (со отечени зглобови и стапала), степен I нарушување во спроводливоста на импулсите од преткоморите до коморите (AV блок од прв степен), болка во пределот на срцето (градна болка), намалена способност на срцето за испумпување на крв (кардиоген шок) кај пациенти со срцев удар (акутен миокарден инфаркт);
- спазам на дишните патишта (бронхоспазам);
- кожен раш (псоријазиформна уртикарија и дистрофични кожни лезии), зголемено потење;
- мускулни спазми;
- повраќање.

***Ретки несакани дејства*** *(се јавуваат кај 1 од 1 000 лекувани пациенти):*

- влошување на дијабетес без карактеристични симптоми (латентен дијабетес мелитус);
- нервоза, напнатост;
- чувство на помала претпазливост;
- визуелни нарушувања, суви и иритирани очи (да се земе предвид кај пациенти кои носат контактни леќи), воспаление на очите (коњуктивитис);
- функционални срцеви нарушувања на срцевиот ритам (аритмија), нарушена спроводливост на импулсите;
- затнат нос;
- сува уста;
- абнормални вредности на хепаталните функционални тестови;
- опаѓање на косата;

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА
AGJENCIA E BARNAVE DHE PAJISJEVE MJEKËSORE
SHKUP
СКОПЈЕ

- импотенција и намалено либидо, Перониева болест.

***Многу ретки несакани дејства*** *(се јавуваат кај 1 од 10 000 лекувани пациенти):*
- намален број на крвни плочки (тромбоцитопенија), намален број на бели крвни клетки (леукопенија);
- заборавање или нарушување во меморијата, конфузија, халуцинации, промени во личноста (пр. промени во расположението);
- зуење во ушите (тинитус), оштетен слух;
- некроза на дланките, рацете или нозете кај пациенти со сериозно оштетен периферен проток на крвта пред третманот;
- нарушен вкус;
- воспаление на црниот дроб;
- осетливост на светлина со појава на исип по изложување на светлина, влошување на псоријазата, развој на псоријаза;
- болка во зглобовите, слабост во мускулите.

***Непозната фреквенција*** *(честотата не може да се утврди од достапните податоци):*
- абнормално ниво на некои типови на масти како што се холестерол или триглицериди во крвта;
- влошување на симптомите кај пациенти со интермитентна клаудикација или вазоспазам на прстите на дланките или стапалата (Raynaud-ов синдром).

*Ако забележите какви било несакани дејства што не се споменати во ова упатство, Ве молиме да го информирате Вашиот лекар или фармацевт.*

***Пријавување на несаканите дејства***
Ако забележите какво било несакано дејство, треба да го известите Вашиот лекар или фармацевт. Тоа го вклучува и секое можно несакано дејство кое не е наведено во ова упатство. Несаканите дејства од лековите може да ги пријавите во Националниот центар за фармаковигиланца при Агенцијата за лекови и медицински средства (ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 кат 1) или по електронски пат преку веб страната на Агенцијата http://malmed.gov.mk/.

Со пријавување на несаканите дејства можете да допринесете за процената на безбедноста на овој лек.

## 5. Чување и рок на употреба на Мепинто

Да се чува на температура до 25$^0$C.
**Да се чува на места недостапни за деца.**

**Рок на употреба**
*Лекот не смее да се употребува по истекот на рокот на употреба, односно по датумот што е наведен на пакувањето.*

**Начин на издавање на лекот**
Лекот може да се издава во аптека само на рецепт (Р).

**Датум на последна ревизија на внатрешното упатство**

Септември 2021

**Број на одобрение за ставање на лекот во промет**
Мепинто 47,5 mg таблети со модифицирано ослободување: 11-3423/1
Мепинто 95 mg таблети со модифицирано ослободување: 11-835/2

